**WESTERN BALKANS AT THE CROSSROADS:**
DEMOCRATIC BACKSLIDING
AND EXTERNAL ACTORS' INFLUENCE

# Западен Балкан на раскрсница: Демократско уназадување под надворешни влијанија

## Финален извештај

**Уредници: Маркета Славкова, Ања Грабовац, Тамара Грабовац**

**Август 2023**



Prague Security Studies Institute

NED National Endowment for Democracy
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

**Западен Балкан на раскрсница: Демократско уназадување под надворешни влијанија**
**Финален извештај**

Уредници: **Маркета Славкова, Ања Грабовац, Тамара Грабовац**
**Август 2023**

Научен советник: **Аднан Хускиќ**
Автори: **Влора Речица, Клодиана Бешку, Вишеслав Раос, Владимир Вучковиќ, Срећко Латак, Немања Станков, Шпат Балај, Аднан Хускиќ, Маркета Славкова, Ања Грабовац, Тамара Грабовац**
Лектор: **Тамара Грабовац**

Објавено од **Институтот за безбедносни студии во Прага (Prague Security Studies Institute - PSSI), Август 2023, Прага**

Публикацијата е напишана во рамките на проектот **„Западен Балкан на раскрсница: Демократско уназадување под надворешни влијанија“**, воден од Институтот за безбедносни студии во Прага, со поддршка на Националниот фонд за демократија (National Endowment for Democracy).

© PSSI 2023
The Prague Security Studies Institute, Pohořelec 6
118 00 Prague 1, Czech Republic
www.pssi.cz

## Албанија

*(кандидатски статус за ЕУ доделен во 2014 година)*

# Албанија во фокусот под надворешните политички влијанија. Иницијативата Отворен Балкан: "Руски Тројански коњ или побрз пристап кон регионална соработка?"

Автор: **д-р Клодиана Бешку**
*Доцент и истражувач, Оддел за политички науки, Универзитет во Тирана, Албанија*

## Резиме

Оваа презентација ја анализира позицијата на Албанија во средината на политичката „шаховска табла“ создадена од највлијателните надворешни актери во регионот на Западен Балкан кои покрај ЕУ и САД се најмногу вклучени и тоа Русија, Кина, Турција, како и арапските држави од Персискиот Залив. Прво, оваа анализа го истражува ставот на Албанија спрема овие држави, категоризирајќи ги како благонаклонети или ненаклонети кон земјата. Се истражуваат мултидимензионалните ставови на Албанија во контекст на регионалната динамика во Западен Балкан. Второ, презентацијата раскрива како иницијативата Отворен Балкан (ОБ) ги обликува овие регионални односи. Трето, се фокусира на обидите на Албанија да стане важен актер на регионално ниво што се однесува на нејзиниот европски интеграциски пат преку Берлинскиот процес и, последно, преку иницијативата Отворен Балкан. Последниот дел ги проследува надворешните политички влијанија, во главно интересите на Русија, во земјата преку иницијативата Отворен Балкан.

## Препораки за политичко делување

- Албанија има силни економски односи со Турција, што е очигледно од значајните економски инвестиции од оваа земја во Албанија, но истовремено, Турција се обидува да влијае на албанската политика со ставање на своите државни интереси во прв план. Оваа ситуација сугерира дека Албанија треба да развие своја автономија, независно од потребата за странски инвестиции, диверсификувајќи ја оваа потреба со други сили како ЕУ, Кина и Обединетите Арапски Емирати.
- Поголема транспарентност на иницијативата Отворен Балкан. Еден можен пристап би бил креирање на официјална веб-страница за иницијативата, каде ќе се прикажат постигнувањата и ќе биде достапна за експертите, како и за пошироката јавноста за добивање на важни информации околу истата.

- Политичките лидери треба да имаат посилна поддршка од своите граѓани во врска со регионалните иницијативи во Западен Балкан, особено со оглед на деликатниот статус на одредени земји. Граѓаните би требало да бидат вклучени или подготвени пред да се започнат овие иницијативи, за да се намали високата поларизација која е сеприсутна во балканските општества, следствено, поголема транспарентност и јавен дијалог би биле добродојдени.

- Експертите се посебно загрижени во врска со потенцијалните економски и безбедносни недостатоци кои иницијативата Отворен Балкан може да ги донесе на општествено-политичката сцена во Албанија. Поттикнувањето на дискусиите на експертско ниво на оваа тема се од круцијално значење, особено земајќи во предвид дека земјите во Западен Балкан се очекува постепено да ги отворат своите пазари кон регионот, а потоа и кон државите-членки на ЕУ. Таквите дискусии не само што би биле од корист за општеството со можност на излагање на своите ставови и евентуална загриженост, туку и би овозможиле на владата да ги земе истите во обсир и одговори соодветно, се со цел подобро да ја подготви јавноста за иднината во ЕУ.

- Генерално, на ЕУ се гледа како на гаранција на мир и стабилност во регионот. Земајќи го ова мислење на јавноста во предвид, за да се намали загриженоста околу руското мешање во регионот преку иницијативата Отворен Балкан, де факто е потребно поголемо вклучување на ЕУ во оваа иницијатива.

## Босна и Херцеговина
*(кандидатски статус за ЕУ доделен во 2022 година)*

# Босна и Херцеговина: Регионална криза поттикната од геополитички конфликти

Автор: **м-р Срећко Латал**
*Научен аналитичар и истражувачки новинар, Balkans Investigative Reporting Network/BIRN, Сараево, Босна и Херцеговина*

## Резиме

Во текот на последната деценија, Босна и Херцеговина (БиХ) запаѓа длабоко во голема криза која произлегува од растечките внатрешни политички поделби. Сталното ослабнување на присуството на ЕУ во Балканот во последните години и месеци ја направи БиХ уште поранлива на влијанијата на двата главни регионални центри на моќ - Белград и Загреб - како и на други геополитички актери, особено САД, Русија, Турција, Кина, како и Иран и арапските држави од Персискиот Залив. Фокусот на оваа презентација е да ги опише различните цели и активности на главните внатрешни или надворешни политички учесници. Таа исто така објаснува како овие конфликтни политики, како и драматичните демографски промени, го промениле кршливиот етнополитички баланс во земјата, за кој имаше обид да се утврди со Дејтонскиот мировен договор во 1995 година. Овој дисбаланс помеѓу оригиналните Дејтонски прописи и тековната

демографска и политичка реалност во земјата ја загрози организацијата и имплементацијата на најновите општи избори. Во текот на 2022 и 2023 година, оваа ситуација го принуди високиот претставник на БиХ, Христијан Шмит, повеќепати да ги користи своите извршни овластувања за да гарантира организирање на општите избори кои на крајот се одржаа во октомври месец. Оваа презентација ја објаснува комплицираната политичка ситуација што се формира по изборите и ги опишува клучните сценарија кои можат да се развиваат во блиска иднина во БиХ и останатиот регион (Централна изборна комисија на БиХ, 2022). Понатаму, обезбедува неколку важни препораки за спречување и, со надеж, укротување на кризата во БиХ и спречување на ново етничко насилство на Балканот.

## Препораки за политичко делување

- ЕУ треба брзо да изработи нов пристап за проширување на ЕУ за земјите од Западен Балкан, кој би ги зел во предвид потребите и воздржаноста на земјите на Балканот како и на земјите членки на ЕУ. Без разлика дали ќе се нарече „етапно приклучување" или „провизорно членство", овој нов пристап треба да овозможи на сите земји-кандидати (вклучувајќи ги дури и Турција, Украина и Молдавија) да добијат пристап до структурните фондови на ЕУ во рана фаза, но без да им се даде право на глас до успешно затворање на поглавјата (и само во сегментите каде земјата-кандидат успешно ќе ги затвори поглавјата). Овој пристап треба да биде подобро прифатлив и за ЕУ и за балканските земји, бидејќи првите најмногу се загрижени за правата на глас, а вторите најмногу за осигурување на финансии и економска стабилност (Бономи и ко., 2020).

- Понатаму, ЕУ треба да разгледа воведување на измени во својата процедура за дозвола на гласање со квалификувано мнозинство во сите посредни фази од процесот на пристапување кон ЕУ. Оваа промена не само што ќе ги поедностави правните процедури, туку и ќе ги спречи членките на ЕУ да го користат своето членство за да ги уценуваат земјите-кандидати да попуштат во нивните нерешени билатерални спорови (Цвијиќ, 2019).

- Наместо широки и нереални листи на реформи, ЕУ треба да подготви акционен план специфичен за секоја земја-кандидат, каде би се идентификувале не повеќе од една или две големи реформи во исто време, како и конкретни бенефити од имплементација на истите. Овој пристап, особено во раните фази на пристапување, е неопходен за поддржување на недостатокот на политичка волја како и значително намалена техничка и законодавна способност во некои од земјите-кандидати, како во БиХ. Со развивање на такви програми за долгорочно планирање, ЕУ би го напуштила таканаречениот пристап „Балканска регата" (прв дојден - прв услужен), кој беше првенствено воведен за да се стимулира конкуренцијата, но воглавно само создаде дополнителен стрес во веќе напнатиот регион.

- САД треба да го преземат водството во напорите координирани заедно со ЕУ и ОХР, чија цел би било да се заложат за важна политичка и административна реформа на Дејтонскиот договор, отстранувајќи ги преостанатите правни дупки и нејаснотии. Овој пакет би вклучувал продолжување на реформата на изборниот систем на БиХ, особено во врска со изборите за претседателството на БиХ. Оваа изборна реформа треба да обезбеди почитување на пресудите на Европскиот суд за човекови права (ЕКЧП), како и на Уставниот суд на БиХ поврзани со легитимната застапеност на етничките групи во државните и ентитетските тела. За оваа реформа да ги постигне потребните промени, на политичарите во БиХ им требаат најмалку неколку години за соодветни јавни консултации и преговори, што може да се договорат со одложување на локалните избори за две години и нивно одржување во 2026 година, како и на општите избори (но не во ист ден). Со ова одложување на локалните избори, само по себе, би се постигнала една од реформите за кои со години размислуваат експертите кои предупредуваат дека според сегашниот изборен систем, БиХ одржува локални или општи избори на секои две години, што речиси не остава време за сериозни политички реформи.

## Хрватска

*(членка на ЕУ од 2013 година)*

# Хрватска: Стабилен западен сојузник и плодна почва за надворешни влијанија

Автор: **Доц. проф. Вишеслав Раос**
*вонреден професор по компаративна политика на Факултетот за политички науки, Универзитет во Загреб, Хрватска*

## Резиме

Оваа презентација дава преглед на главните надворешни, незападни актери во Хрватска, вклучувајќи ги Русија, Кина, Турција и арапските држави од Персискиот Залив. Ги идентификува изворите и методите што се користат за собирање и евалуација на податоци и ја истакнува состојбата на демократијата во земјата, на која најмногу влијае внатрешната динамика и доминантната позиција на владејачката партија. Во презентацијата се дискутира за секој надворешен актер и нивното влијание врз Хрватска. Влијанието на Русија беше спречено од почетокот на инвазијата на Украина, додека Кина не успеа да го претвори своето економско присуство во културно и политичко влијание. Турција има најсеопфатна политика, потпирајќи се на комбинација од инвестиции и мека моќ за да допре до муслиманската заедница во Хрватска. Влијанието на земјите од Персискиот залив е ограничено, освен Катар и нејзината улога во обезбедување алтернативно снабдување на гас наместо рускиот. Се препорачува Хрватска да ја намали зависноста од руското снабдување на енергија и да ги зголеми напорите за заштита на независноста на медиумите и ефикасноста на судството во борбата против лажните вести и корупцијата. Успешното справување со корупцијата ќе биде најдобриот лек за влијанието од страна на нелибералните и авторитарните надворешни сили.

## Препораки за политичко делување

- Зависноста од руска енергија е намалена и треба да се намали уште повеќе по почетокот на руската агресија на Украина.
- Хрватска треба да ги следи напорите на Европската комисија и НАТО за развој на инфраструктурно преструктурирање на снабдувањето за гас, нафта и електрична енергија исклучиво преку земјите-членки.
- Државата треба да ги зголеми напорите за заштита на независноста на медиумите и ефикасноста на судството со зголемување на своите капацитети во борбата против лажните вести и корупцијата.
- Успешното справување со корупцијата ќе биде најдобриот лек против влијанието на нелибералните и авторитарните надворешни актери.

**Косово**

*(апликација за членство во ЕУ во 2022 година)*

# Разбирање на клучните играчи и влијанието на надворешните актери во Косово

Автор: **Шпат Балај**
*Истражувач, Косовски центар за безбедносни студии/КЦСС*

## Резиме

Оваа презентација навлегува во испитувањето на надворешните влијанија во Косово и како тие влијанија се манифестираат. Фокусирајќи се на клучните играчи како што се Турција, Русија, Кина, арапските држави од Персискиот Залив, Европската Унија и Соединетите Држави, презентацијата ги оценува нивните политички, економски и социјални влијанија на Косово. Во оваа презентација се тврди дека историскиот контекст во кој Косово се појави како држава, определи на кој начин ќе се перципира надворешното влијание во земјата. Поддршката на Западот за напорите за демократизација и градење држава на Косово резултираше со интернализација на влијанието на Западот во косовските институции. Сепак, земјите кои не ја признаваат независноста на Косово претставуваат политички предизвик за оваа земја. Студијата го расветлува влијанието што земјите како Турција и земјите од Персискиот залив го имаат на Косово, првенствено во однос на идеологијата и идентитетот.

## Препораки за политичко делување

- Секое можно решение меѓу Косово и Србија мора да резултира со признавање на Косово од страна на Србија и останатите пет земји од ЕУ кои сè уште не ја признале независноста на земјата мора да се предвиди забрзано членство во организации како што е НАТО за да се спречи поткопување на мирот и стабилноста во Косово од страна на странски влијанија. .
- Треба да се воспостави механизам за дијалог меѓу институциите и заедницата на косовските Срби со цел да се решат прашањата од взаемен интерес и да се обезбеди нивно значајно учество во процесите на донесување одлуки.
- Институциите во Косово треба да спроведат насочени образовни кампањи, програми за медиумска писменост и партнерства со локалните невладини и граѓански организации за да се намали влијанието на пропагандата во локалните заедници.
- Косовската влада треба да развие сеопфатна стратегија за комуникација и подигање на свеста која ќе има за цел зајакнување на отпорноста на заедницата, институциите и невладините актери кон ефектите од странското влијание.

- Институциите на Косово и локалните верски заедници мора да обезбедат авторитет во зачувувањето на верското и културното наследство на локалните заедници во земјата, како и олеснување на процесот на верската слобода, за да се зачува мултирелигиското општество. Државните работи и религијата мора да останат јасно одвоени во овој поглед. Мора да се направат поголеми напори за прекинување на врските меѓу различните религиозни и политички агенди кои предизвикуваат поделба.
- Косовските институции мора да обезбедат транспарентност и отчетност во економските проекти во кои се вклучени странски инвеститори за да се избегне проекцијата на странско влијание во политичките, економските и културните проекти.

## Црна Гора

*(Кандидатски статус за ЕУ доделен во 2010 година)*

# Демократски ранливости на малите системи: Влијанието на надворешните актери во Црна Гора

Автор: **д-р Немања Станков**
*Истражувач на Универзитетот во Црна Гора, Црна Гора*

## Резиме

Оваа презентација ги испитува контекстуалните услови кои им овозможија на странските актери, првенствено Русија и Кина, да влијаат на развојот на демократските процеси во Црна Гора. Тврдам дека обемот на влијанието беше олеснет од (1) проблемот на државноста – нерешеното државно прашање на Црна Гора засновано на општествената поларизација на „ние“ наспроти „нив“ во однос на карактеристиките засновани на идентитет и (2) со делумниот неуспех на конкурентните надворешни влијанија на ЕУ засновани на политиката на условеност. За да илустрирам како се одвиваат овие процеси, давам детали за неколкуте патишта што Русија ги користеше за да добие политички потпора: вмешаност во неуспешниот пуч во 2016 година, нелегално финансирање на партиите, како и меѓу другото воспоставување шпионски и разузнавачки мрежи. Во случајот со Кина, презентацијата дава преглед на големи инфраструктурни проекти финансирани од кинески државни заеми, главно обвиени со тајност и сомнителни постапки за јавни набавки. За споредба, и руските и кинеските канали на влијание се покажаа како штетни за развојот на демократските процеси во Црна Гора. Клучната разлика е во тоа што руското мешање (за разлика од кинеското) се карактеризира со злонамерност.

## Препораки за политичко делување

- Зголемување на бројот и присуството на меѓународниот персонал во Делегацијата на ЕУ во Црна Гора. Преговорите за пристапување често се потпираа на клучните експертски придонеси од земјите-членки на ЕУ, чии постојани позиции во Црна Гора ќе сигнализираат потврдена посветеност на интеграцијата на Црна Гора во ЕУ.
- Зголемување на бројот на состаноците во рамките на Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација на ЕУ и Црна Гора (SAPC) на Европскиот парламент, можеби со формирање на постојано меѓународно административно тело во земјите кандидати.
- Дополнување на двогодишниот самит на ЕУ за Западен Балкан со годишна посета на Европскиот комесар за соседство и проширување на земјите кандидати.
- Работа на поттикнување унифициран пристап кон демократскиот развој на Западен Балкан меѓу ЕУ и САД.
- Преземање на дополнителни чекори за реафирмирање на берлинскиот процес vis-à-vis иницијативата Отворен Балкан.
- Црна Гора треба да ја потврди својата посветеност на пристапувањето во ЕУ и да осмисли национална стратегија за борба против антизападната атмосфера.

## Северна Македонија

*(Кандидатски статус за ЕУ доделен во  2005 година)*

# Ранливи демократии: Ефектот на странското влијание врз политичкиот и општествениот живот во Северна Македонија

Автор: **м-р Влора Речица**
*Раководител на Центарот за парламентарна поддршка и демократизација, Институтот за демократија Societas Civilis Skopje/ИДСЦС, Скопје, Северна Македонија*

## Резиме

Оваа презентација ги анализира ефектите од странското влијание врз политичкиот и општествениот живот во Северна Македонија, фокусирајќи се на ефектите од продолжениот процес на интеграција во ЕУ, наспроти влијанието што го вршат незападните актери, особено Русија, Кина, Турција и арапските држави од Персискиот Залив. Презентацијата се фокусира главно на политичките и социјалните форми на надворешно

влијание. Ја проценува ранливоста на политичките субјекти и граѓаните од надворешното влијание, истражувајќи како однесувањето на политичките партии придонесува за поларизација и поткопување на напорите за демократизација на Северна Македонија. Анализата користи достапни податоци од јавното мислење и преглед на литература, вклучително и медиумски извори. Севкупно, истражувањето покажува дека фрустрацијата од „обледенетото“ ветување на ЕУ остава дополнителен простор за потенцијално малигно влијание врз политичкиот и општествениот живот на земјата, придонесувајќи за постоечките економски предизвици и веќе ниската доверба во демократските институции, како и дополнителен предизвик во процесот на демократизација на Северна Македонија.

## Препораки за политичко делување

- ЕУ мора да развие подобра комуникациска стратегија во однос на нејзините инвестиции, помош и поддршка во Северна Македонија. Иако помошта за Ковид-19 од ЕУ беше многу позначајна, другите надворешни актери помпезно ја покажаа својата маргинална поддршка како многу поважна. Ваквите настани мора да се предвидат и да се спречат во иднина.

- ЕУ мора да го обнови својот кредибилитет во Северна Македонија преку суштински ангажман на двете страни за решавање на македонско-бугарскиот спор. Иако анкетите на јавното мислење покажуваат дека ЕУ е витален играч и може да продолжи да нуди реална опција наспроти напредокот на авторитарните земји, поддршката се повеќе опаѓа, од 80% во 2014 година на 64% во 2022 година (Дамјановски, 2023). ЕУ и земјите-членки на ЕУ мора да помогнат во конструктивниот дијалог.

- Демократските сили мора да инвестираат во внатрепартиска демократија за да го ублажат потенцијалното малигно влијание од третите актери преку локалните политичари. Структурите на политичките партии во Северна Македонија се високо централизирани и ориентирани кон лидерите; затоа, потребен е мал ангажман од партиските лидери за да се влијае на поголемото јавно мислење. Високо концентрираната моќ во рацете на неколку политички актери ги прави граѓаните многу поранливи на надворешни влијанија (од кои некои форми може да се малигни), бидејќи на третите актери им требаат многу помалку ресурси за да допрат до пошироката публика. Донаторите мора подиректно да соработуваат со политичките актери.

- Потребни се финансирање и поддршка за градење капацитети за да се зацврстат капацитетите на државните институции со цел да се изгради имунитет од корозивниот капитал. Институционалниот недостаток на капацитет најдобро се илустрира со ефектите на кинескиот капитал во Северна Македонија, кој влијаеше на различни области на политиката, вклучително и на антикорупцијата. Донаторите и граѓанското општество мора да ги фокусираат напорите на градење механизми за добро владеење во клучните институции за да се отфрли потенцијалниот злонамерен капитал.

- И на крај, потребни се внатрешни напори за борба против корупцијата и изградба на независно судство со цел спротивставување на потенцијално малигните влијанија. Во двете области реформите најмалку напредуваат. Покрај тоа, двете области се клучни во градењето доверба. Напредокот може да ја намали популистичката побарувачка, чувство кое лесно се користи од радикалните политички актери како што е Левица, кои добија значителна поддршка. Влијанието на нелибералните странски актери може да се намали со намалување на корупцијата и зајакнување на правдата, а неопходен е континуиран притисок врз политичките актери да продолжат со реформите.

## Србија

*(Кандидатски статус за ЕУ доделен во 2012 година)*

# Западот е мил, но Истокот е помил: Притисоци врз политиката и преференци на чинителите во Србија

Автор: **д-р Владимир Вучковиќ**
*Предавач, Катедра за меѓународни односи и европски студии при Универзитетот Масарик, Брно, Чешка*

## Резиме

За разлика од другите надворешни чинители (Кина, Турција и ОАЕ), Русија останува единствената држава која придонесува за дестабилизација на Србија, бидејќи нејзиното влијание е длабоко присутно во сите сфери на општеството. Русија останува „вето" држава која го фаворизира нестабилниот Западен Балкан - регион кој не е интегриран во европските и евроатлантските заедници од стратешки причини. Како геостратешки актер, Москва се обидува да го направи процесот на европеизација нецелосен и незавршен исто толку колку што има намера да испрати јасна порака до земјите од постсоветскиот простор дека не вреди да станат дел од ЕУ и НАТО. Во однос на демократијата, сите надворешни чинители имаат тенденција да придонесат за опаѓање на демократијата во Србија бидејќи му штетат на процесот на демократска консолидација. Бидејќи нивното (надворешно) влијание е корозивно, тие се вклопуваат во општата тенденција кон (не)квалитетот на демократијата и владеењето на правото во Србија, особено во контекст на транспарентноста на финансиските процедури, економско-инфраструктурните проекти и воената и безбедносната соработка. Овие моќни тенденции, исто така, влијаат на демократскиот пад на Србија, бидејќи тие исто така имаат тенденција да го глорифицираат култот на личноста на автократските лидери - Путин, Џинпинг и Ердоган, најмногу преку прорежимските медиуми. Сепак, клучното назадување во контекст на квалитетот на демократијата во Србија не е надворешно, туку внатрешно. Тоа потекнува од подемот на моќта на Александар Вучиќ, кој ги комбинира автократските алатки на управување со декларативната посветеност на процесот на пристапување во ЕУ, следствено легитимизирајќи го демократското назадување и ерозијата на демократските заштитни мерки во земјата.

## Препораки за политичко делување

- Бидејќи Русија е единствената сила што придонесува за дестабилизација на Србија, непризнавањето на Косово и прашањето за диверзификација на енергијата (гас) мора да се решат во наредниот период, доколку Србија има намера да го намали руското влијание.
- Промената на нетранспарентните процедури и намалувањето на култот на автократските личности (Путин, Џинпинг и Ердоган) мора дополнително да се зајакне бидејќи тие имаат тенденција да придонесат за слабата демократија на земјата, ерозијата на демократските заштитни мерки и широко распространетата корупција во Србија.

- Србија најдобро може да се опише како неисправна демократија; затоа, потребни се понатамошни активности за да се намали влијанието на заробувањето на државата од страна на владејачката партија, неформалните покровителски мрежи, институционално вкоренетата корупција, клиентелизмот и контролата на медиумите и институциите од страна на полуавторитарниот режим на Вучиќ.

- Сегашната мултивекторска надворешна политика е тактички корисна; сепак, тоа е неостварливо во стратешка смисла бидејќи Србија може да ја загуби перспективата за членство во ЕУ поради прекумерното потпирање на алтернативните политики во наредниот период.

www.pssi.cz